Образец 3,4

Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ
Бр. 02-414/5
3. 5. 2018 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, ("Службен весник на РМ" 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 57/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016), член 50 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.245/2013), а по предлог на Совет на студиската програма, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје, на 10.та седница, одржана на 3.5.2018 година, **д о н е с е** :

О Д Л У К А

за формирање комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: **"Влијание на оставениот број на гроздови по единица површина врз приносот и квалитетот на трпезното грозје"**, пријавена и изработена од **м-р Златко Прцуловски,** со бр. на индекс 5, во состав:

Проф. д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, ментор,
Проф. д-р Петар Христов, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,
Проф. д-р Михаил Петков, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,

2. Комисијата за оцена на темата е должна **во рок од три месеци** од денот на поднесувањето на пријавата, односно по повторното поднесување по дорабoтката, да поднесе извештај до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.

Должината на извештајот изнесува од 5 до 10 страници, формат А4, со единечен проред. Извештајот на комисијата за оцена на темата содржи:

- име на кандидатот и работен наслов на темата;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  предмет на истражување,
  состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата,
  цел на изработката на дисертацијата,
  очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатот од истражувањето да биде практично применлив, треба тоа да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310
Е- ПОШТА: contact@fznh.ukim.edu.mk

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310
E- MAIL: contact@fznh.ukim.edu.mk

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРИЛОГ:
- примерок од доставена пријава за изработка на докторска дисертација

ДОСТАВЕНО ДО:

-членовите на Комисијата

-Одделение за студентски прашања

-архивата

ДЕКАН

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

Изработил:М.Коцевска М.К.

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310
Е- ПОШТА: contact@fznh.ukim.edu.mk

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310
E- MAIL: contact@fznh.ukim.edu.mk

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk